РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1466/4
06-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на продолжението на својата 8-ма седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1466/1 од 20.04.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата и не се констатирани повреди на законските одредби од чл.34 ст. 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и чл.8-а ст.1 алинеја 3 од Изборниот законик.

.

Предметот со број 12-1466 од 20.04.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето и препис од истата да се достави до подносителот.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1466/1 од 20.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на изборниот процес за Претседателски и парламентарни избори 2024 година и тоа конкретно чл. 34 ст. 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од страна на службено лице ///, градоначалник на ///. Наведено е дека за време на изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година, посоченото службено лице склучило договор со лицето ///,

обезбедувајќи и простории за работа и паричен надоместок од /// денари месечно, со што смета дека се влијае на изборниот процес на начин што се подмитуваат луѓе заради обезбедување на гласачи. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени прилози.

По увидот во содржината на пријавата ДКСК побара надлежно постапување, податоци, информации и документација од Државен инспекторат за труд на РСМ и од доставениот Записник за извршен инспекциски надзор /// број /// од /// година и доставената документација во прилог произлезе дека наводите во пријавата не се потврдуваат и не се констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзорот. Имено, видно од доставената документација е дека се работи за продолжување на договор за отстапување на еден работник – соработник за изработка на проекти за период /// година заклучно со /// година во /// преку Агенција за привремени вработувања ///, која Агенција за привремени вработувања е ангажирана преку јавна набавка од страна на ///, за што се обезбедени средства од буџетот на ///.

Оттука, ангажирањето на наведеното лице преку Агенција за привремени вработувања за период од /// месеци, поради зголемен обем на работа не претставува постапка за вработување на нови лица, што значи дека не се прекршени одредбите од чл. 34 ст. 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и чл.8-а ст.1 алинеја 3 од Изборниот законик. Воедно, постапувањето на службеното лице не е во спротивност со членот 8 од Законот за трансформација во редовен работен однос (Службен весник на РМ бр.20/15).

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член